# Коментар за резултатите од работењето на Жито Лукс АД Скопје во периодот 01.01.2017 – 30.09.2017 година

Компанијата продолжи со успешната работа и во третото тромесечје, успевајки да го одржи и подобри позитивниот резултат во споредба со минатата година. Оперативната добивка е зголемена за 6%, додека Нето добивката пред оданочување за 24%. Зголемување се бележи и кај Бруто добивката (+2%).

**1 Приходи од продажби**

Вкупните приходи од продажба се зголемени за 3%, каде најголем придонес за растот имаат специјалните лебови и бисквитите – категорија која е воведена на пазарот при крајот на 2015та година. Во јуни компанијата го збогати своето портфолио со уште еден производ – Геврек, достапен во 4 вкусови.

**2 Трошоци**

Зголемувањето од 4% на Трошоците на произведените производи го следи зголемувањето на продажбите. Бруто профитната маржа е задржана на исто ниво како минатата година.
Административните трошоци се намалени за 14%, додека трошоците за продажба и маркетинг се зголемени за 8%. Зголемувањето доаѓа од поголемите продажби надвор од Скопје, кои носат поголеми трошоци за дистрибуција.

**3 Останати оперативни приходи и расходи**

Остварени се повисоки останати оперативни приходи во 2017 година поради еднократен ефект.

**4 Идни аспекти**

Менаџментот на компанијата ги продолжува напорите да го одржи позитивниот резултат од претходните девет месеци како и понатамошно подобрување на оперативната добивка и обртниот капитал. Стратегијата е насочена кон проширување на постојните пазари и навлегување во нови, лансирање на производи со додадена вредност кои ќе ги задоволат специфичните потреби на потрошувачите и силна рекламна покриеност на овие иницијативи.